РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-10652/3
07-10-2016 201 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

СКОПЈЕ,

октомври, 2016 година

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на Р. Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година:

## ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година.

Претпријатието кое е запишано во Централен регистар на Република Македонија со број ЕМБС 6839673, е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Според тоа, ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Македонија, како што беше Агенцијата за државни патишта.

Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2017 година изготвена е во согласност со Петгодишната програма за планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, донесена од Владата на Република Македонија бр. 41-6902/1 од 08.10.2013 година (Службен весник на РМ бр. 141/2013) и Програмата за изменување на Петгодишната програма за планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, донесена од Владата на Република Македонија бр.42-10639/1 од 23 декември 2014 година (Службен весник на РМ бр.196/2014).

## I.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

Планираните приходи за 2017 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта .

Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

I.1 Во 2017 година се планира да се остварат **приходи** во вкупна вредност од **6.231.000.000 денари,** од следните видови на приходи:

I.1.1 Приходи од работењето, во вкупен износ од **3.703.000.000 денари** и тоа:

I.1.1.1 Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина), се очекува приход во износ од **1.972.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фрекфенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2016 година и Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.89/09) и Одлуката за измена на Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.103/14).

I.1.1.2 Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, изнесува **1.550.000.000 денари.** Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на на РМ" бр.118/09) и Одлуката за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на РМ" бр.103/14)

I.1.1.3 Другите приходи од работењето се очекува да изнесуваат **181.000.000 денари**, а се планира да се остварат од разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
- приклучување на пристапен пат на државен пат,
- поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
- изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
- прекумерно користење на пат,
- вонреден превоз и
- штета сторена на патот и објектите на патот;

I.1.2 Останати приходи, во вкупен износ од **2.528.000.000 денари** и тоа:

I.1.2.1 Од делот од акцизата од деривати од нафта планирани се 2.528.000.000 денари.

I.2 За 2017 година се планира да се остварат приливи од странски кредити и заеми во вкупна вредност од **12.601.000.000 денари**

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Вкупно за 2017 година |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **6.231.000.000** |
| **Приходи од работењето** | **3.703.000.000** |
| Патарина | 1.972.000.000 |
| Регистрација (патна такса) | 1.550.000.000 |
| Други приходи од работењето | 181.000.000 |
| **Останати приходи - акциза** | **2.528.000.000** |
| **ПРИЛИВИ** | **12.601.000.000** |
| Приливи од странски кредити и заеми | 12.601.000.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ:** | **18.832.000.000** |

# II.

## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

**II.1 За 2017 година планирани се трошоци во вкупна вредност од 2.015.500.000 денари, и тоа:**

II.1.1 За трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар планирани се вкупно 48.000.000 денари. Во оваа позиција влегуваат: трошоци за материјали, трошоци за електрична енергија и гориво, трошоци за резервни делови и материјали за одржување, како и трошоци за ситен инвентар.

II.1.2 За трошоци за услуги планирани се вкупно 682.000.000 денари и тоа: поштенски услуги, услуги за одржување и заштита, за тековно и зимско одржување на патиштата, комунални услуги, провизија на здруженија за технички преглед.

II.1.3 За плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените, планирани се вкупно 200.000.000 денари. Тука е вклучена бруто платата, надоместоци за вработените кои заминуваат во пензија, јубилејни награди и други надоместоци поврзани со вработените.

II.1.4 За останати трошоци од работењето планирани се вкупно 403.500.000 денари. Тука влегуваат: трансфер на средства до ЕЛС за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, трошоци за задолжителни систематски лекарски прегледи на вработените, трошоци за осигурување, банкарски услуги и провизии, административни и судски такси, трошоци за ревизија и вештачење, адвокатски и нотарски услуги, извршни судски трошоци, трошоци за повраток на средства од патна такса (регистрација) за моторните и приклучните возила кои вршат меѓународен транспорт.

II.1.5 За финансиски расходи планирани се 682.000.000 денари, во кои спаѓаат трошоци за камата кон нерезидентни кредитори (Светска Банка, Европска Инвестициона Банка, Европска Банка за Обнова и Развој и Ексим Банка-Кина).

II.2 Јавното претпријатие во 2017 година планира да реализира инвестиции во **вкупна вредност од 15.603.500.000** за следните проекти:

II.2.1 За инвестиции со сопствени средства, сопствено учество во инвестиции со странски кредити, проектирање, надзор, експропријација и инвестиционо одржување предвидени се 3.002.500.000 денари.

II.2.1.1 За изградба на патишта со сопствени средства и учество во инвестиции со странски кредити, планирани се 1.783.000.000 денари.

Овие средства предвидени се за реализација на следниве проекти:

- Продолжување со изградбата на делницата Сончев град,
- Продолжување со изградба на делницата Опае – Белановце - Станчиќ,
- Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино – Демир Капија;
- Поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација и опрема, сигнализација и опрема на наплатни станици, санација на свлечишта, рехабилитација на мостови и тунели, како и осветлување на клучки на државните патишта;
- Продолжување со изградба на делницата Арачиново – Липково – Оризари (Ропалце – Матејче - Липково);
- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка – Здравствен дом Вевчани;
- Продолжување со изградбата на клучка Смилковци на обиколница Скопје;
- Поправка, рехабилитација и реконструкција на државните патишта А1 и А2, државен пат А2 делница од Гостивар (мост кај с. Здуње) до с. Колари, државен пат Р-1106 делница мост Близанско - Калуѓерец (Белица), рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат А1 делница

Велес (Штипска клучка) – Градско и Градско – Велес (Штипска клучка), поправка, рехабилитација и реконструкција на регионални патишта;

- Санација на Обиколница Скопје на оштетениот дел од поплавата;
- Сопствено учество во инвестиции со странски кредити и ДДВ. Овие средства воглавно го покриваат учеството од 10% за делниците Миладиновци - Штип и Кичево - Охрид, како и данокот на додадена вредност за проектите што се финансираат од странски кредити.

**II.2.1.2** За инвестиционо одржување предвидени се 170.000.000 денари, кои ќе се реализираат преку Договорот со ЈП Македонијапат, предвидени во Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година.

**II.2.1.3** За експропријација на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2017 година, планирани се 180.000.000 денари;

**II.2.1.4** За изработка на проектна документација и надзор над градежните работи на државните патишта, предвидени се средства во износ од 867.500.000 денари. Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како и надзор на изградбата и одржувањето на патиштата, при што и надзорот на инвестициите финансирани од странски кредити се обезбедува од сопствените приходи на Јавното претпријатие.

**II.2.1.5** За набавка на опрема и софтвер планирани се 2.000.000 денари

**II.2.2** За инвестиции од **странски кредити** предвидени се вкупно **12.601.000.000 денари** и тоа финансирани од: Светска Банка, Европска Банка за обнова и развој, Европска Инвестициона Банка и Ексим Банка – НР Кина.

- Со Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта, финансиран од Светска Банка, ќе се рехабилитираат магистрални и регионални патишта и ќе се продолжи со рехабилитација на: Битола – Ресен – Буково, Бошков Мост – Дебар, Мелнички Мост - Центар Жупа и Кочани – Делчево. Ќе се санираат свелчишта и ќе се продолжи со санирање на свлечиштата: Попова Шапка, Маврово – Дебар и ќе се поставува сообраќајна сигнализација и опрема на државните патишта;
- Со Проектот за унапредување и развој на патиштата, финансиран од Светска Банка, ќе се градат: Ранковце - Крива Паланка, Кичево (Извор) – Дебар (Гарски Мост), Пробиштип – ски центар Поникве, Тораница – Саса (Крива Паланка – Македонска Каменица), Старо Коњарево – Ново Коњарево.

- Со Проектот за регионални и општински патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се продолжи со реконструкција и рехабилитација на Велес – Кадрифаково, Припор – Говрлево, како и осветлување на клучки и тунели;

- Ќе се продолжи со Проектот за Коридор X за воведување електронски систем за наплата на патарини, кој се финансира со заем од ЕБОР.

- Со Проектот – Програма за национални патишта, финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се градат: Градско – Прилеп (делница Раец – Дреново), Штип – Кочани, Требениште – Струга и Охрид – Пештани.

- Со Проект финансиран од Европска Банка за обнова и развој ќе се гради патниот правец Штип – Радовиш.

- Со средства од кредит и од донации, ќе се градат, реконструираат и рехабилитираат следните патни правци: Демир Капија – Смоквица, Куманово – Миладиновци (двата коловоза), Гевгелија – Смоквица, Градско – Прилеп (делница Градско – Росоман – Дреново),

- Крива Паланка – Деве Баир (граница со Р. Бугарија)

- Со средства од Европската Инвестициона Банка, ќе се финансираат консултантски услуги за доизградба на коридор 10, делница Демир Капија – Смоквица.

- Со средства од кредит од Ексим Банка – НР Кина ќе се продолжи со изградба на делниците од автопатот Миладиновци – Штип и автопатот Кичево – Охрид.

II.2.3. Изградба на автопат Скопје-Блаце. Ако се обезбедат финансиски средтсва ќе се гради автопатот Скопје-Блаце

**II.3** Јавното претпријатие во 2017 година планира **одливи** по основ на отплата на главница за странски кредити во вкупна вредност од **1.213.000.000 денари**.

| **ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ** | **Вкупно за 2017 година** |
|---|---|
| **I. ТРОШОЦИ** | **2.015.500.000** |
| Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 48.000.000 |
| Трошоци за услуги | 682.000.000 |
| Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените | 200.000.000 |
| Останати трошоци од работењето | 403.500.000 |
| Финансиски расходи (камати од кредити | 682.000.000 |
| **II. ИНВЕСТИЦИИ** | **15.603.500.000** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **3.002.500.000** |
| Градба и сопствено учество | 1.783.000.000 |
| Инвестиционо одржување на патишта | 170.000.000 |
| Експропријација | 180.000.000 |
| Проектирање и технички надзор на градежните работи | 867.500.000 |
| Опрема и софтвер | 2.000.000 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **12.601.000.000** |
| **III. ОДЛИВИ** | **1.213.000.000** |
| Одливи за отплата на главница за странски кредити | 1.213.000.000 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ** | **18.832.000.000** |

III.

Оваа програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

- ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ –

Насер Муареми